# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 09 Јуни 2015 година Број 06/2015 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на одлуката за избор на командир на Полициска станица Радовиш

Ја прогласувам Одлуката за избор на командир на Полициска станица во Радовиш, бр. 08-1121/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 08.06.2015 год.

Бр. 09-1121/2 Градоначалник на
09 Јуни 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.12 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2005), чл. 24 од Законот за полиција (Сл. Весник бр. 114/06), а согласно актот бр. 24.7-33396/1 од 28.05.2015 год. од Министерството за внатрешни работи,бСоветот на општина Радовиш на седница одржана на 08.06.2015 год., донесе

ОДЛУКА
за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Радовиш

I. За командир на Полициска станица од општа надлежност Радовиш се избира ВЛАТКО МИЈАЛОВ, вработен во Министерство за внатрешни работи-полициска станица Радовиш.

II. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Образложение
Согласно предложената Листа на кандидати за избор на командир на полициска станица од општа надлежност за Радовиш од министерот за внатрешни работи, бр. 24.7-33396/1 од 28.05.2015 год. се донесе одлука како во изреката.

Бр. 08-1121/1 Совет на општина Радовиш
08 Јуни 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на општина Радовиш во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за долгорочно домашно задолжување на општина Радовиш во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП), бр. 08-1122/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 08.06.2015 год.

Бр. 09-1122/2 Градоначалник на
09 Јуни 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг (Сл.весник на Р.М. бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02), Советот на Општина Радовиш на седница одржана на 08. 06.2015 година донесе

ОДЛУКА
За долгорочно домашно задолжување на општина Радовиш во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)

Член 1
Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Радовиш, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за

подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на 39.702.627 денари, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект „Изградба и технички надзор над изградбата на локален пат од с. Калугерица до с. Подареш во општина Радовиш“.

Член 2

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон
- рок на отплата: 13 години
- грејс период: 3 години
- Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година

Член 3

Со донесување на оваа одлука престанува да ваши одлуката со бр. 08-359/1 од 11.02.2015 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Радовиш.

Бр. 08-1122/1 Совет на општина Радовиш
08 Јуни 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на Мариче Николова

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Мариче Николова од Радовиш, бр. 08-1123/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 08.06.2015 год.

Бр. 09-1123/2 Градоначалник на
09 Јуни 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 08.06.2015 год. донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Мариче Николова од Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства Мариче Николова од Радовиш во висина од 30.000 денари, за издавање книга на нејзината ќерка Јована Богдановиќ.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за наменско користење на средствата.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1123/1 Совет на општина Радовиш
08 Јуни 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на Трајчо Крстов

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Трајчо Крстов од Радовиш, бр. 08-1124/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 08.06.2015 год.

Бр. 09-1124/2 Градоначалник на
09 Јуни 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 21 т.43 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Одлуката за наменско користење на средставата од буџетската Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 08.06.2015 год. донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Трајчо Крстов

Член 1

Се одобруваат финансиски средства Трајчо Крстов од Радовиш во висина од 30.000 денари, за здравствени потреби.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1124/1 Совет на општина Радовиш
08 Јуни 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на Здружение „Баскет Спорт„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на здружението „Баскет Спорт„ од Радовиш, бр. 08-1125/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 08.06.2015 год.

Бр. 09-1125/2 Градоначалник на
09 Јуни 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 08.06.2015 год. донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Здружение „Баскет Спорт„ Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Здружение „Баскет Спорт„ Радовиш , во висина од 60.000 ден., за организација на турнирот „Баскет 3х3 2015„ кој започнува на 23.06.2015 година

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за наменско користење на средствата.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1125/1 Совет на општина Радовиш
08 Јуни 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за ангажирани на надворешни лица
во Комисијата за елементрани непогоди за
проценка на настанатите штети
од поплава на 23, 24 и 31 01.2015 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ангажирани на надворешни лица во Комисијата за елементрани непогоди за проценка на настанатите штети од поплава на 23, 24 и 31 01.2015 година, бр. 08-1126/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 08.06.2015 год.

Бр. 09-1126/2 Градоначалник на
09 Јуни 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 21 т.43 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Одлуката за наменско користење на средставата од буџетската резерва на Буџетот на општина Радовиш за 2015 година, I став 2 т.3, број 08-170/1 од 24.01.2015 година, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 08.06.2015 год., донесе

ОДЛУКА
За ангажирани на надворешни лица во
Комисијата за елементрани непогоди за
проценка на настанатите штети
од поплава на 23, 24 и 31 01.2015 година

Член 1

Во невремето проследено со долготраен и обилен дожд кое ја зафати нашата општина во деновите 23, 24 и 31.01.2015 година и кое предизвика поплави од широк размер, а со цел

да се изврши побрза проценка на терен имаше потреба од ангажирање на земјоделски инженери како надворешни стручни лица.
Во проценката се вклучени следните лица:

1. Тони Ѓозев
2. Лазо Ангелов
3. Методија Матрапазов
4. Санде Кукутанов
5. Славчо Трајанов
6. Ангел Димитров
7. Крсте Спасов

Член 2

На ангажираните лица за извршената работа ќе им се исплати недоместок за што Советот на општината ќе донесе посебна одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето на „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1126/1 Совет на општина Радовиш
08 Јуни 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештај на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 09-1127/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 08.06.2015 год.

Бр. 09-1127/2 Градоначалник на
09 Јуни 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 08.06.2015 г., донесе

ЗАКЛУЧОК

За прифаќање на Извештајот на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештајот на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш, одржана на ден 08.06.2015 год на

-Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, 16-та седница одржана на ден 08.06.2015 г;

II.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1127/1 Совет на општина Радовиш
08 Јуни 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на одлуката за избор на командир на Полициска станица Радовиш ------------------------------------------------------ 1
ОДЛУКА за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Радовиш ----------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на општина Радовиш во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) ------- 1
ОДЛУКА За долгорочно домашно задолжување на општина Радовиш во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) ----------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Мариче Николова -------------------------------------------- 2
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Мариче Николова од Радовиш ----------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Трајчо Крстов -------------------------------------------------- 2
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Трајчо Крстов ------------------------------------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Здружение „Баскет Спорт„ Радовиш -------------------- 3
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Здружение „Баскет Спорт„ Радовиш --------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за ангажирани на надворешни лица во Комисијата за елементрани непогоди за проценка на настанатите штети од поплава на 23, 24 и 31 01.2015 година ---------------------------------------------------------- 3
ОДЛУКАЗа ангажирани на надворешни лица во Комисијата за елементрани непогоди за проценка на настанатите штети од поплава на 23, 24 и 31 01.2015 година ---------------------------------------------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш ---- 4
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештајот на Работните тела на Советот на општина Радовиш ----- 4